# Некои аспекти на доходовната нееднаквост во Македонија

д-р Мирослав Гвероски[1]
м-р Димитар Николоски[2]

*Зборник на трудови од Меѓународната конференција "Структурните промени и демографските трендови во земјите на Југоисточна Европа", Ниш, јуни 2006*

## 1. Вовед

Живееме во свет на богати и сиромашни. Разликите помеѓу земјите во светот според делот од светскиот доход кој го добиваат од секогаш претставувале мистерија која побудувала голем интерес за нејзино расветлување. Конкрено денес во светот се среќаваме со следната фрапантна ситуација: од 6,4 милијарди луѓе кои живеат во светот, 826 милиони во земјите во развој немаат доволно храна за прехранување; една милијарда немаат достап до вода за пиење и 2,4 милијарди немаат пристап до здравствени услуги; приближно 10 000 деца умираат секој ден од болести причинети од загадена вода; од една страна една петина од населението добива 62 % од светскиот доход, додека од друга страна 1,2 милијарди луѓе живеат со доход помал од 1 долар на ден.

Секоја студија на економскиот развој, покрај на другите прашања, често пати се концентрираат на тоа како остварениот доход се распределува помеѓу земјините резиденти. Така одсекогаш за луѓето од една земја нивната среќа не зависи од апсолутното ниво на потрошувачка туку од тоа каква е нивната потрошувачка во споредба со таа на луѓето околу нив. Очекувањата дека економскиот раст автоматски ќе ги реши проблемите во земјите во развој што регистрираа релевантен раст не се оствариja. Покрај другото во сиромашните земји на Третиот свет јазот меѓу богатите и сиромашните се проширува, невработеноста станува масовна појава, што доведе до зацврстување на сознанието дека економскиот раст сам посебе нема да го реши или избегне проблемот туку ги зголемува нееднаквостите во распределбата на доходот и богатството[3].

Повеќе причини доведуваат до поголемо значење на анализирањето на распределбата од доходот. Една од нив е неговата врска со сиромаштијата на населението. Така за каква и да е големина на просечниот доход, доколку доходот е распределен понерамномерно, повеќе луѓе во таа држава ќе живеат во сиромаштија. Покрај оваа врска, распределбата на доходот исто така е блиско поврзана и со процесот на економскиот развој. Според Кузнец, постојат голем број на канали преку кои доходовната нееднаквост се одразува на економскиот развој. Иако за оваа врска емпириската евиденција не дава јасна слика, веројатно е дека високо ниво на неднаквост е добро за развој на некои фази од развојот,

[1] Доцент на Економски факултет-Прилеп
[2] Асистент на Економски факултет-Прилеп
[3] Петрески д-р Гоце, "Економски раст и развој", Економски факултет – Скопје, 2002 година.

додека лошо за други. Од друга страна, економскиот развој, повратно пак се одразува врз степенот на доходовна нееднаквост.

Друга причина за актуелноста на доходовната нееднаквост е што намалената нееднаквост е често една од најважните цели на развојните економски политики. Со некои од тие политики може истовремено и да се оствари економски раст и намалување на доходовната нееднаквост (на пример, јавното обезбедување на образованието).

Од овие причини проблемите на распределбата на доходот како меѓу, така и внатрешната распределбата на земјите, добиваат еднакво значење со проблемите на растот и стануваат честа тема за дебати. Зошто некои земји се толку богати а други толку сиромашни? Дали тоа морало да биде така? Кои се факторите кои водат до тој огромен јаз? Дали богатите во светот ќе продолжат да стануваат уште побогати, додека сиромашните ќе се влечат зад нив, или јазот помеѓу нив еднаш ќе се затвори? Тоа се вечно отворени прашања за дебата и предизвикуваат жестоки расправи на меѓународно ниво.

## 2. Кои се најчести причини на доходовна нееднаквост?

Проблемот на доходовната нееднаквост, бара подлабоко сондирање и откривање на причините коишто доведуваат до варирање на доходовната нееднаквост меѓу земјите и нејзините промени во времето. Воопшто, причина што доходовната нееднаквост постои е што луѓето во секоја економија се разликуваат од сите други во многу работи релевантни за висината на нивниот доход. Така разликите во човечкиот капитал (образованието, здравството), местото каде живеат (село наспроти град, географски региони), сопственоста на физички капитал, во нивните посебни вештини, дури и во нивната среќа.

Во размислувањето за причините на нееднаквоста, се сведуваат на две разлики и тоа во распределбата на различните економски карактеристики меѓу населението и разликите како тие карактеристики се претвораат во различно ниво на доход. Нееднаквоста може да биде поради големиот диспаритет во карактеристиките и во различниот ефект на некои карактеристики врз износот на доходот. Во врска со тоа од каде доаѓа нееднаквоста Кузнец заклучува дека економскиот развој (технолошкиот прогрес и структурните промени) иницијално ја зголемуваат стапката на враќање на способноста (образование и претприемачката способност), бидејќи квалификуваните работници подобро се приспособуваат на новите откритија. Слично новите технологии ја зголемуваат стапката на враќање на физичкиот капитал, бидејќи тие секогаш се остваруваат во нови капитални стоки. Но бидејќи искуствата и капиталот се наоѓаат кај горниот слој од доходовната распределба, тие влијанија ќе ја зголемат доходовната нееднаквост. Од друга страна, доколку техничкиот прогрес и струкрурните промени се успорени, стапките на враќање ќе опаднат и ќе дојде до намалување на доходовната нееднаквост.

## 3. Како влијае доходовната неднаквост врз економскиот развој

Влијанието на доходовната нееднаквост на економскиот развој главно се остварува посредно преку повеќе канали. Во теоријата и емпириските истражувања најповеќе е потврдено дека доходовната нееднаквост најповеќе се одразува преку акумулацијата на физичкиот капитал, акумулацијата на човечкиот капитал, владините политики за редистрибуција и социо-политичката нестабилност.

Анализите на влијанието преку стапката на штедење (предуслов за акумулацијата на физичкиот капитал) покажуваат дека колку е повисока нееднаквоста во распределбата – повисок дел од доходот се распредели на богатите - повисоки се стапките на штедење и повисоко влијанието врз развојот, бидејќи тие слоеви се посклони на штедење.

Во случајот на човечкиот капитал понееднаква распределба води до пониска акумулирање на капиталот. Извор на вакво влијание е тоа што “човечкиот капитал” е инсталиран во посебни лица, кои работат единствено кога и нивниот сопственик работи, и тие не можат да се трансферираат од едно лице на друго.

Доходовната нееднаквост влијае на ефикасноста на производството преку доходовната распределбата така што дел од оние со висок доход се пренесува на оние со низок. Тоа се извршува преку даноците кои пак водат до неефикасност во работењето. Така со намалување на нееднаквоста преку редистрибуција на доходот, индиректно се намалува нивото на ефикасност.

Додека преку соци-ополитичката нестабилност влијанието е такво што во земјите каде доходовната нееднаквост е висока, политичката моќ е цврсто контролирана од богатството, кое пак ја блокира редистрибуцијата на доходот преку даноците.

## 4. Како се мери доходовната нееднаквост

Доходовната нееднаквост може да се нобљудува од два комплементарни начини. и едниот и другиот треба да бидат така конструирани да овозможуваат внатрешно и меѓународна споредба на податоците. Првиот аспект е преку поделување на неселението во неколку еднакви по големина групи и пресметување колку доход секоја од групите добива. Другиот начин е со поделување на доходот во исти по големина интервали и утврдување колку од вкупното население отпаат во секој интервал на доходот. Кој начин и да се употребува треба да овозможи база за користење на меѓународно употребуваните мерила на неднаквата распределба: Лоренцовата крива, Џини коефициент, Теилов коефициент и др.

Доколку се сака да се утврди и спореди доходовната нееднаквост меѓу земјите или да се истражува трендот на нееднаквоста во една земја за одреден период, како најдобро мерило би било она коешто преку една бројка го сумира степенот на нееднаквост. Како таков а истовремено и најшироко употрабувано мерило е така наречениот Џини коефициент.

Џини коефициентот се пресметува на тој начин што податоците за доходот на сите семејства во една земја, се групираат од висок кон низок доход, по што се пресметува серија бројки. Прво се определува којкав дел

од вкупниот доход на земјата е заработен од најсиромашните 1 процент од населението, потоа за сиромашните 2 проценти од населението и.т.н. за секој дел од населението до 100 проценти. Прикажувањето на пресметаната распределба на график ни ја дава Лоренцовата крива. Добиената Лоренцова крива потоа послужува за пресметување на Џини коефициентот. Тој се пресметува како однос помеѓу областа зафатена со Лоренцовата крива и линијата на перфектна еднаквост, со вкупната област под линијата на перфектна еднаквост. Колку повеќе Лоренцовата крива е оддалечена толку е поголема нееднаквоста во распределбата и поголем е Џини коефициентот. Вредноста на Џини коефициентот се движи од 0 до 1 или во проценти од 0 до 100, така што 0 претставува перфектна еднаквост (ист процент на доход на ист процент население), додека 1 или 100 е перфектна нееднаквост (сиот доход на едно лице).[4]

## 5. Мерење на доходовната нееднаквост во Република Македонија

Македонија од периодот на стекнување на независноста па до денес се соочува со низа структурни промени во сферата на економското, политичкото и општественото живеење. Оваа трансформација што ги карактеризира сите земји со поранешно социјалистичко уредување општо е позната под поимот транзиција. Транзицијата на економски план се состоеше во премин кон пазарно стопанисување, што со себе повлече низа импликации како што се промените во сопственичката структура на капиталот и меѓусекторска реалокација на работната сила. Ваквите промени неминовно имаат свои реперкусии и врз доходовната нееднаквост во Македонското општество.

Имено, со премин кон пазарно стопанисување, во скоро сите транзициски земји настана општествена сегрегација, односно постепено општествено раслојување. Овој процес посебно се карактеризира со намалување на релативното учество на средната класа од една страна, и омасовување на најсиромашниот општествен слој од друга страна. На тој начин, дојде до зголемување на нееднаквоста преку концентрирање на богатството во рацете на мал слој луѓе – “транзициски профитери” и осиромашување на значителен дел од поранешната средна класа кои се нарекуваат “транзициски губитници”.

Во тој конеткст, голем број студии укажуваат на поврзаноста на доходовната нееднаквост со сиромаштијата[5]. Така, во Македонија во текот на транзицискиот период, паралелно со зголемувањето на нееднаквоста во распределбат на приходите дојде и до зголемување на сиромаштијата. Најзначајни детерминанти на сиромаштијата а со тоа и на нееднаквоста се големината на домаќинствата, бројот на вработени лица во домаќинствата како и степенот на образование. Тоа значи дека постои сложена зависност помеѓу доходовната нееднаквост од една страна и низа други мерливи

---

[4] David N. Weil, “Economic Growth”, 2005 by Pearson Education, Inc. publishing as Addison–Wesley.

[5] Светска Банка (2005) “Оценка на сиромаштијата во Македонија 2002-2003”

фактори како што се состојбата на пазарот на труд и квалитетот на јавните добра и услуги кои заслужуваат да бидат понатамошно анализирани.

Интензитетот на доходовната нееднаквост во Македонија ја оценуваме преку пресметување на Џини коефициентот. При тоа се користат податоците од анкетата за потрошувачката на домаќинствата што ја спроведува Државниот завод за статистика на Република Македонија. За референтна година ја земаме 1990 која што претставува прекретница кон пазарен начин на стопанисување. Потоа, последователно го пресметуваме Џини коефициентот за 1995, 2000 и 2005 година Вредностите на Џини коефициентот се дадени во Табела 1.

*Табела 1. Вредности на Џини коефициентот за Македонија*

| Година | 1990 | 1995 | 2000 | 2005 |
|---|---|---|---|---|
| Џини коефициент | 0.289 | 0.330 | 0.347 | 0.324 |

*Извор: Пресметки врз база на податоци од Државен Завод за Статистика на Р.Македонија*

Од Табела 1 може да се забележи дека во периодот 1990-2000 настанало значително зголемување на Џини коефициентот, додека во 2005 истиот бележи опаѓање. Зголемување на доходовната нееднаквост за периодот 1990-2000 може да се забележи и преку Лоренцовите криви за овие две години претставени на Графикот 1. Може да се забележи дека Лоренцовата крива за 1990 година е поблиску до правата што ја претставува перфектната еднаквост отколу Лоренцовата крива за 2000 година.

*График 1. Лоренцова крива за Македонија*




Нареден чекор во нашата анализа е споредување на трендот во доходовната нееднаквост со глобалните развојни тенденции во Македонија за време на транзицискиот период. Во тој контекст, Македонија како и повеќето земји во транзиција се одликува со развој на Бруто Домашниот Производ (БДП) во облик на латинската буква U, односно периодот на изразена почетна рецесија (1990-1995) е проследен со постепено заживување

(1996-2005) кое беше краткотрајно прекинато во 2001 година заради политичката нестабилност. Можеме да заклучиме дека почетната транзициска рецесија беше придружена со пораст на нееднаквоста, додека во подоцнежната фаза од транзицијата нееднаквоста во Македонија бележи постепен пад што е поврзан со постепеното зголемување на БДП. Ваквите емпириски наоди ги потврдуваат претпоставките на Кузнец дека економскиот развој имплицира намалување на доходовната нееднаквост. Со оглед на тоа дека веќе во 2006 година се очекува Македонија да го достигне нивото на БДП од 1990 година, можеме да претпоставиме дека понатамошниот тренд на доходовната нееднаквост ќе биде опаѓачки.

## 6. Заклучок

Доходовната нееднаквост сé повеќе зазема централно место во економските анализи и претставува предизвик за развојните политики на сите земји. Тоа произлегува од меѓусебната поврзаност на нееднаквоста со останатите економски и општествени појави како што се функционирањето на пазарот на труд, сиромаштијата и сл. Постојат повеќе причини за зголемена доходовна нееднаквост, како што се разликите во човековиот капитал и опременоста со физички капитал. Денес, светската економска мисла е поделена во однос на тоа како доходовната нееднаквост влијае врз развојот. Од една страна, постои став дека зголемената економска нееднаквост импицира забрзан економски развој, а од друга страна се пропонентите за намалување на нееднаквоста како предуслов за забрзан економски развој. Постојат повеќе начини на кои може да се квантифицира доходовната нееднаквост, но најутробуван индикатор е Џини коефициентот кој директно е поврзан со отстапувањето на Лоренцовата крива од правата на перфектна еднаквост. Ние извршивме пресметка на Џини коефициентот за Македонија во периодот 1990-2005 со цел да го утврдиме трендот на развој на доходовната нееднаквост. При тоа утврдивме дека постои значителен пораст на нееднаквоста со преминот од сосијалистички кон пазарен начин на стопанисување. Со тоа ја потврдуваме хипотезата дека транзициските промени доведоја до зголемување на разликите помеѓу сиромашните и богатите и намалување на релативното учество на средната класа. Ваквото сознание е од особено значење во натамошното креирање на економската и општествената политика во земјата која треба да води кон намалување на нееднаквоста како еден од предусловите за Македонската интеграција во Европската Заедница.